ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ
ВОДОВОД
Бр.04-1315/17
30.07. 2026 год.
ОХРИД

рВрз основа на член 45 од Закон за административни службеници( Службен весник на РМ бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 142/16 и 11/18 и Службен весник на РСМ бр. 275/19, 14/20, 215/21, 99/22 и 208/24) а во врска со објавен јавен оглас за вработување на административен службеник во ЈП „Водовод“ – Охрид, бр. 379/2026 и Предлог за вработување на кандидат по јавниот оглас, заверен со архивски број 10-1512/9 од 27.07.2026 година, а примен во ЈП „Водовод“ – Охрид на 30.07.2026 година, Директорот на ЈП „Водовод“ – Охрид на ден 30.07.2026 година ја донесе следната:

# ОДЛУКА

**за избор на кандидат за вработување на административен службеник по објавен јавен оглас број 379/2026 во ЈП „Водовод“ – Охрид**

1. За извршител на работно место **Главен контер** со шифра **КДР0102Г01044**, во одделение за сметководство, сектор за финасии, сметководство и комерција, се избира кандидатот со идентификациски код B24C62A; **Ирена Сиљаноска Петреска.**
2. Именуваната ќе биде вработена на работното место опишано во точка 1 по конечноста на оваа одлука, за што ќе се донесе решение за вработување.
3. Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното објавување.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

По барање за објавување на јавен оглас бр. 04-1315/1 од 27.05.2026 година поднесено од ЈП „Водовод“ – Охрид до Агенција за администрација, на ден 12.06.2026 година е објавен јавен оглас бр. 379/2026 на интернет страницата на Агенција за администрација и во дневните весници Нова Македонија, Вечер и Коха.

Со Решение бр. 10-1512/4 од 15.06.2026 година донесено од директорот на Агенција за администрација е формирана Комисија за селекција за вработување по јавен оглас, која ја спроведе постапката за селекција за вработување на административен службеник, согласно Закон за административни службеници.

По спроведената постапка, Комисијата направи Записник од извршената административна селекција за административен службеник бр. 10-1512/5 од 30.06.2026 година, Записник од спроведениот испит за административен службеник бр. 10-1512/7 од 20.07.2026 година, како и Записник од спроведена проверка на веродостојност на докази и интервју за административен службеник бр. 10-1512/8 од 27.07.2026 година.

Врз основа на резултатите од сите фази на селекција направена е конечна ранг листа на кандидати и предлог за вработување по јавен оглас 379/2026 и истите се доставени до Директорот на ЈП „Водовод“ – Охрид.

Согласно предлогот за вработување по јавен оглас 379/2026 бр. 10-1512/9 од 27.07.2026 година, а примен во ЈП „Водовод“ – Охрид на 30.07.2026 година , Директорот на ЈП „Водовод“ – Охрид донесе одлука како во диспозитивот.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа одлука, незадоволниот кандидат има право во рок од 8 (осум) дена да поднесе жалба до Агенција за администрација од денот на објавувањето на Одлуката на веб страната и на огласната табла на Агенцијата за администрација.

ЈП ВОДОВОД ОХРИД
Директор
Марјан Ристески

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ВОДОВОД 1 ОХРИД

Доставено до:
- избраниот кандидат
- Агенција за администрација
- Одделение за човечки ресурси на ЈП
- Архива на ЈП

Изработил/контролирал: Раководител на одделение за човечки ресурси - Александар Кузески